Бранителот на првообвинетиот Васил Тупурковски, **Светлана Савиќ** адв. од Скопје во завршен збор наведе:

Останувам при претходно дадениот завршен збор бидејќи сметам дека и со доказите кои беа изведени во оваа повторена постапка се потврдија наводите за кои беше искажано сомнение и во одлуката на Апелациониот суд, а која укажа на расчистување на определени факти и околности видно за овој суд да донесе правилна и законска одлука. Затоа сметам дека со ова трето изменето обвинение фактички ние се вративме на почетна позиција да одлучуваме за факти и околности за кои се утврди дека не се спорни. Но затоа ќе се задржам на ова последното поднесено обвинение и на тоа што на обвинетиот Васил Тупурковски му се става на товар според истото.

Според обвинението обвинетиот во својство на службено лице директор на Агенцијата за обнова и развој при Влдата на РМ и второобвиентиот како заменик без да обезбедат проекти и програма за наменско користење на средства без да прибават соодветно обезбедување, а кај Алмако Вино Био без да потпишат било каков договор за одобрување на девизни средства користејќи го истиот траен однос дале налог за префрлување на парични средства иако претходно обезбедените проекти требале да ги предложат на Владата на РМ заради добивање на согласност за користење на овие средства. Тука се поставува основното прашње кој може да биде сторител на ова кривично дело и дали обвинетите го имале тоа својство во критичниот период. Со донесување на Законот за организација и работа на органите на државната Управа во Сл. весник на РМ 58/00 од 21.07.2000 година, Агенцијата за обнова и развој продолжила да работи како Агенција за развој и нвестиции, како самостоен орган на Држвната управа. Претходно таа немала својство на правно лице и не можела да склучува договори во смисла на чл.122 ст.4 од КЗ точно се наведени лицата кои се подведуваат под поимот на службено лице. Обвинетелството смета дека ова својство им припаѓа врз основа на одлука на Владата. Наведената одлука именувајќи ја оваа Агенција за спроведување на политиката за развој на државата не им дала право ниту да управуваат со средствата, ниту да располагаат вон од нејзините насоки. Од тие и единственото таквиот нивен статус се склучени договорите со Стопанска банка и другите банки кои налозите на Агенцијата можела да ги спроведува само врз основа на прецизирани успови за кредит. За друг вид помош и одржување на финансиска диципплина на кредито барачите морала да се грижи банката и никој не можел да биде над неа независно од налогот. Значи дека РМ согласно Законот за банки и банкарско работење обврската да ги процесуира и да донесе одлука за овие кредити ја дала исклучиво на банките како единствени овластени установи за тоа. Во таа смисла кај наодот и мнение на вешто лице Кире Костов кој во својот наод и на ст.15 и 17 наведува дека овластената банка при постапувањето со поднесените барања, а врз основа на дадените предлози на Агенцијата постапила спротивно на Законот за банкарско работење и спротивно на договорот кој го потпишал во конкретнито случја со Стопанска банка бидејќи согласдно чл.4 од истиот договор банката како овластена установа и како специјализирана за ваков вид на дејствија била должна да ги оформи договорите да ја прибереме неопходната документација и дури после тоа да пристапи кон одлучување дали предлозите се основни и да донесе одлука дали на лицата баратели на кредит таков ќе им биде одобрен. Но банката според вешите лица постапила и спротивно на Законот за банки и банкарско работење и спротивно на потпишаниот договор за комисион. И самите претставници од банката не можеа да се поизнсат дали се работи за договор за комисион или за некоја модифицирана форма на договор за налог од причини што соглсно налогот за комисион банката била таа која требала да ги склучи доворите во свое име, а за сметка на Агенцијата но таа тоа не го сторила. Доколку прифатиме дека се работи за налог сметаме дека писмениот поднесок согласно Законот за банки и согласно наодот и мнението на вештите лица не претставува форма законска за налог, но банката не постапила ниту по тој налог во кој се точно и децидно наведени условите под кои банката треба да ги исплати определените средства. Исто така не се точни наводите дека Агенцијата била таа која требала да се грижи за реализацијата на овие кредити. Прашање која е функцијата на банката и дали Агенцијата воопшто можела да добие

вакви овластувања со оглед на карактерот на истата и со неспорната потреба за квалификувани лица какви едино се вработени во банките да можат да се грижат за релазација на кредитот, а каква и обврска банката потпишала согласно договорот. Агенцијата само давала предлози и одобрувала на определени фирми да им биде даден кредит но доделувањето можела да го врши само исклучиво банката затоа и Владата на РМ доделувањето на кредитите го доверила на деловните банки. Во тој правец беше исказот на сослушаниот сведок Марјан Ѓорчев сослушан на главен претрес од 09.02.2009 година кој наведе дека токму за да нема сомненија дека се работи за професинално давање на овие кредити, Владата овој дел го доверила на деловните банки. Тоа го кажаа вештите лица Илко Петрушевски и Павловски Милан и тоа го повторија и во проширеното вештачење Кире Костов како лице специјализирано за банкарско работење. Исто така сакам да укажам дека двајцата обвинети повеќе не биле во Агенцијата по изминувањење на грејс периодот кога кредитите би требало да бидат враќани. Не е точно дека Агенцијата не се обидела да ги наплати овие средства и таа поднела тужба пред надлежниот суд под бр. ПСС 2181/01 што значи дека јасно укажала дека обврската за реализација на овие кредити паѓала на Стопанска банка. Оваа постапка не е завршена со негативен исход за Агенцијата туку од нејасни причини тогашниот полномошник на Агенцијата не се јавил на главната расправа па тужбата се сметала за повлечена но ова е период во кој двајцата обивнети веќе не се на работа во Агенцијата па ваквите пропусти не може да им се припишат во вина.

Што се однесува до наводите дека усвоените проекти треба да бидат предложени на Владата заради добивање на согласност сметам дека се неосновани од причини што информирањето на Агенцијата е во рамки на усвоената политика на Владата за интервенција пред се во земјоделите и сточарството како горечки проблеми на Владината програма па во тие рамки е формирана пред се Агенцијата, а предвидени се услови како и на кој начин ќе бидат распоредувани паричните средства на оние субјекти кои ги исполнувале условите. За таа цел во јавниот печат се дадени огласи за можности и услови за кредитирање на претпиријатијата во РМ кој оглас го дало Минис. за финансии на РМ а каде што е точно наведено дека се работи за кредити и кредитна линија за развој на приватниот сектор од Фондот за меѓународна соработка и развој на Р.Кина - Тајван. Воедно во истиот овој оглас е наведено дека барањето за кредит инвестицоните програми се доставуваат до Агенцијата оја ги разгледува и со препорака ги испраќа до Комерцијалните банки избрани за сервисирање на оваа кредитна линија. Крајната одлука за доделување на кредит ја носат Комерцијалните банки така стои во огласот што Мини. за финасии го дало во дневниот печат и тоа во „Утрински весник" , „Вечер" и Македонија денес". Исто така до судот доставивме и формулари кои постоеле во тоа време за барање за овозможување на користење на финансиски сресства чиј дел бил и инв естиционен проект. Вака собраната документација Агенцијата за обнова и развој како што наведоа сведоците вработени во истата секој од својот сегмент на работење носел препорака која била давана до надлежните банки на понатамошно процесуирање. Истите постапувале по договорот кој го склучила Агенцијата со нив и прибирале потребна документација која некаде се докажала недоволна некаде истата не можела да се реализира меѓутоа од писмените докази јасно произлегува дека постоела и рачна залога и хипотека врз недвижен имот и други средства за обезбедување што значи дека банката знаела што треба да работи и знаела на кој начин требала да ги обезбеди ваквите побарувања. Во тој правец се исказите на директорот на банката Поповски Љубомир даден на записник пред истражен судија и на Љубица Тодоровска кои беа јасни и категорични дека банката била таа која во целост би требало да ги сервисира кредитите и да ја донесе конечната одлука. Во тој правец беа сослушани и сведоци чии предлози од Агенцијата не биле прифатени од страна на Банката, а тоа беше сведокот Ратко Јончевски кој наведе дека и покрај тоа што Агенцијата дала предлог деловната банка го одбила сметајќи дека фирмата не е солвентна и дека не може да одговори за такво побарување. Конечно, и сведокот Љубчо Георгиевски на записник од 12.03.2009 година, наведе дека Агенцијата постапувала согласно насоките на Владата и проектите во кој правец и каде согласно својата програма истата ќе интервенира а дека паричните средства биле насочувани таму каде што во дадениот момент имало потреба.

Од тие причини, а врз основа на дополнително изведените докази и упатства дадени од страна на Апелациониот суд предлагам овој суд да донесе пресуда со која ќе ги ослободи од обивнение двајцата обвинети пред се поради тоа што немаат својство какво бара битието на крвичното дело кое им се става на товар и поради тоа што од изведените докази не можеше да се утврди дека го сториле кривичнто дело на начин како што е опишано во обв. акт.